APTIV

# ИВЕСТУВАЊЕ ЗА ПРИВАТНОСТ НА АПЛИКАНТОТ НА АПТИВ

## ОБЕМ И ПРЕГЛЕД

Како контролор на податоци и бизнис, Aptiv Global Operations Limited и нејзините подружници и поврзани субјекти („Aptiv“) се посветени на заштита на приватноста и безбедноста на вашите лични податоци. Под “подружници” спаѓаат сите субјекти кои што се под контрола, заедничка контрола или контролирање на Aptiv Global Operations Limited, под услов контролата да значи директна или индиректна контрола или сопственост на повеќе од 50% од акциите со право на глас или капиталот на тој ентитет. Ова Известување за приватност се однесува на сите кандидати за работа на Aptiv.

Ова Известување за приватност на вработените на Аптив опишува како ги собираме и процесираме Вашите лични податоци за време на процесот на регрутација. Ги содржи нашите цели, правни основи, период на чување, споделувањето на Вашите лични податоци и правата кои ги имате во однос на Вашите лични податоци.

Ние ќе ги процесираме Вашите лични податоци како што е наведено во ова Известување, освен ако поинаку се бара во важечкиот закон. Ние преземаме чекори да се осигураме дека личните податоци кои ги собираме од Вас се адекватни, релевантни, разумни и процесирани само за ограничени цели. Ова известување е наменето да се усогласи со сите важечки закони. Доколку која било одредба подолу е во спротивност со законските прописи, тогаш Aptiv ќе се придржува до важечкиот закон.

## ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ КОИ ГИ ПРОЦЕСИРАМЕ

Видот на лични податоци кои Аптив може да ги прибира и процесира може да се различни, зависејќи од регионалните/државните барања, и можат да содржат, меѓу другото:

- **Податоци за идентификација и контакт –** како што се Вашето име и презиме; лична мејл адреса; ИП адреса; адреса на живеење; телефонски број и земја на живеење.
- **Податоци во врска со Вашето CV или резиме –** како што се Вашите образовни или професионални квалификации; претходно работно искуство; референци од претходно работно место (work referees); јазици итн.
- **Податоци кои се предмет на доброволно откривање –** како што се Вашиот пол и други податоци кои може да се сметаат за сензитивни, кои што сме овластени да ги прибраме во некои јурисдикции, како што се Вашите: раса, етничка припадност, статус на ветеран итн.
- **Други податоци –** како што се Вашите податоци за логирање; тековен отказен рок; подобност за работа итн.

## ЦЕЛТА НА ПРОЦЕСИРАЊЕ НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Зависно од Вашата јурисдикција, важечко право, и зависно од позицијата за која

сте аплицирале, целите заради кои ги процесираме Вашите лични податоци се следниве:

- За примање и процесирање на Вашата апликација;
- За Ваша лична идентификација;
- Да се направи проценка на Вашата соодветност за позицијата (преку тестирање и други апликативни начини)
- Да се потврди Вашата подобност за вработување;
- Да Ве процесираме и да Ве ставиме во потесен круг за избор;
- За да комуницираме со Вас;
- За да комуницираме со Вашите професионални референци (само ако сте успешни);
- Да се олесни некоја од Вашите посебни потреби или да се направат разумни прилагодувања;
- За составување статистички информации;
- За усогласеност со нашите релевантни законски обврски или обврски за усогласеност;
- За да Ве имаме во предвид за идни работни места (за кои имате дадено Ваша согласност) и/или
- За исполнување на цели кои што се поврзани со погоре наведените цели.

**КАКО ГИ ДОБИВАМЕ ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Ние ги добиваме Вашите лични податоци или директно или индиректно од Ваша страна: директно, кога ни ги испраќате до нас преку различни канали и системи на регрутација; индиректно, кога ги добиваме од трети лица, како што се агенции за вработување и платформи за регрутирање, како LinkedIn и слично.

## НАШИТЕ ПРАВНИ ОСНОВИ ЗА ПРОЦЕСИРАЊЕ НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ

Нашите правни основи за процесирање на Вашите лични податоци ќе бидат соодветни за целите на процесирањето, видот на вклучените податоци и важечките закони. За време на процесот на регрутација, ние се повикуваме на следните правни основи за процесирање на Вашите лични податоци, кога е неопходно за:

- Перформансот на договорот на кој што сте Вие една од страните или за да преземеме чекори на Ваше барање пред да склучите договор;
- Спроведување на нашите законски обврски и обврски за усогласеност, вклучително и воспоставување, остварување или одбрана на правни барања и/или
- Спроведување на нашите легитимни интереси или интереси на трета страна.

Постојат случаи каде кандидатите се согласуваат за чување на нивните лични

податоци во датотеки со цел да бидат предвидени за идни нови работни места.

**ОТКРИВАЊЕ НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Вашите лични податоци нема да бидат користени за дополнителни цели кои што не се компатибилни со горенаведените цели, освен ако не Ви обезбедиме известување за тие дополнителни цели.

Ние ќе ги откриеме Вашите лични податоци на трети лица единствено ако имаме законска обврска да го сториме тоа, ако имаме легитимен интерес за да го сториме тоа, или ако сте дале Ваша согласност за тоа. На пример, кога со закон се бара да откриеме одредени податоци за да се усогласиме со легислативите за еднаквост или каде што ангажираме трети лица да ни помогнат со процесот на регрутација или каде што ни имате дадено согласност да ги откриваме Вашите податоци на трети лица.

Зависно од околностите, третите лица може да ги процесираат Вашите лични податоци во наше име (т.е. како процесор, на пример, агенции за регрутирање итн.).

Третите лица се задолжени да преземат соодветни технички и организациони мерки за да ги заштитат Вашите лични податоци врз основа на ризиците и се предмет на обврска за доверливост. Ние бараме од третите страни да ја почитуваат безбедноста на Вашите лични податоци и да ги третираат во согласност со важечкото право.

**МЕЃУНАРОДНИ ТРАНСФЕРИ НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Може да се бара од нас да ги пренесеме Вашите лични податоци преку државните граници, во согласност со важечките закони. За да бидеме сигурни дека меѓународните трансфери на лични податоци се адекватно заштитени, имаме воведено соодветни заштитни мерки со нашите компании, даватели на услуги, изведувачи, дистрибутери, деловни партнери и агенти.

Ние преземаме соодветни договорни, технички, организациски мерки, и спроведуваме проценка на ризик од влијанието на трансферот, како што се бара, за да ги заштитиме Вашите лични податоци и Вашите права. За меѓународниот трансфер на податоци, ние се усогласуваме со барањата на важечкото законодавство, вклучувајќи заштитни мерки како што се Стандардните договорни клаузули (SCCs) каде што се потребни (на пр., за пренос на лични податоци на ЕУ надвор од ЕУ (и области за кои се смета дека обезбедуваат соодветна заштита), SCC во согласност со член 46 став 2 од GDPR). За повеќе информации за соодветните заштитни мерки за заштита на Вашите лични податоци, ве молиме контактирајте не користејќи ги деталите на крајот од ова известување.

**ЧУВАЊЕ НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Ние ќе ги чуваме Вашите лични податоци колку што е потребно за да ги исполниме

целите за кои што се прибирани, или како што се бара со закон. Периодите на чување ќе зависат од државните/регионалните барања и по исходот на Вашата апликација. Личните податоци на успешните апликанти кои ќе станат вработени ќе се чуваат заради низа цели за вработување.

Ние ги чуваме Вашите лични податоци во согласност со важечките закони и нашата Политика за управување со евиденција и Распоредот за чување. Освен тоа, ние се трудиме да ги чуваме нашите тековни документи и ќе направиме разумни напори за да ги отстраниме Вашите лични податоци кои не се повеќе релевантни за целите за кои биле прибрани.

**БЕЗБЕДНОСТ И ЗАШТИТА НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Аптив е посветен на чување на безбедноста на Вашите лични податоци. Ние имаме имплементирано соодветни безбедносни мерки со цел да ги заштитиме Вашите лични податоци од неовластен пристап, употреба, копирање, модифицирање, откривање, уништување и измена. Ние се придржуваме до клучните принципи за заштита на податоците и приватност при собирањето и ракувањето со личните податоци, имено: одговорност; законитост, правичност и транспарентност; минимизирање на податоците; ограничување на целта; ограничување на складирањето; управување со доверливоста, интегритетот и точноста на личните податоци.

**ПРАВАТА НА СУБЈЕКТИТЕ НА ПОДАТОЦИ ВО ОДНОС СО ОБРАБОТКАТА НА ВАШИТЕ ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ**

Во согланост со важечкиот закон, во одредени околности, ги имате следните права во однос на процесирањето на Вашите лични податоци:

- Право да бидете информирани за процесирањето на Вашите податоци;
- Право на пристап до Вашите податоци;
- Право да ги коригирате Вашите лични податоци доколку не се точни;
- Право да побарате да се избришат или уништат Вашите лични податоци;
- Право да го ограничите процесирањето на Вашите лични податоци.
- Право на приговор на процесирањето, вклучувајќи го и правото на приговор до директниот маркетинг;
- Право да има копија од твоите податоци пренесена на различни трети страни.

Во САД, ови права се ограничени само на резидентите на Калифорнија. Правото на приговор (вклучувајќи го и дигиталниот маркетинг) не е апликативно во Калифорнија бидејќи не ги продаваме или споделуваме Вашите лични податоци, или не ги користиме Вашите сензитивни лични податоци за какви било цели кои се некомпатибилни со целите наведени во Известувањето, освен ако не ви обезбедиме известување за тие дополнителни цели.

***Поднесување барања за права на субјектот на податоци*** Можете да си ги остварите Вашите права преку нашата онлајн форма тука. Во некои јурисдикции,

може и да именувате овластен застапник да направи барање во Ваше име и за Ваша сметка.

**АВТОМАТИЗИРАНО ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ**

Автоматизираното донесување одлуки се случува кога електронски систем користи лични податоци за да донесе одлуки без човечка интервенција.

Вие нема да бидете субјекти на одлуки кои ќе имаат значајно влијание на Вас, базирано единствено на автоматизирано донесување одлуки, освен ако нема правна основа за тоа и сме Ве известиле за тоа.

**ПРИГОВОРИ**

Зависно од Вашата јурисдикција, исто така имате право на приговор во било кое време до Вашиот локален Надзорен орган за заштита на податоци. Можете да најдете листа на ЕЕА Надзорни органи тука или https://www.edpb.europa.eu/about-edpb/about-edpb/members_en. Aptiv Global Operations Limited е Ирска компанија, и нејзин водечки регулатор на ЕУ е Ирската комисија за заштита на податоци, 21 Fitzwilliam Square South, Dublin 2, D02 RD 28, Ireland или преку е-пошта на info@dataprotection.ie

**Последно ажурирано:** 02 октомври 2025 година